# Наставна програма

## слободен изборен предмет

## ***<u>ФИГУРИ ОД ХАРТИЈА</u>***

## за V одделение

Новаци, 2024 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Фигури од хартија** |
| **Изготвил:** | БРО – Адаптирана наставна програма според програмата за изборниот предмет: Уметност – креирање од хартија |
| **Адаптирал :** | Соња Ристовска, Анета Соклевска - ООУ„Славко Лумбарковски“- Новаци |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | четири |
| **Број на часови** | 36 |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, печатач или други дигитални уреди).<br>• Интернет, образовни софтвери.<br>• Средства и материјали за рециклирање пластика, ткаенина,хартија).<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти). |

## Наставна програма за слободен изборен предмет

### Слободен изборен предмет: Фигури од хартија

**ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ**

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје : -Уметничко изразување и култура

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **VIII-А.1** | да манифестира познавање на различни форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| **VIII-А.2** | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |
| **VIII-А.3** | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.2** | критичкиот однос конразличните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности, |

Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **IV-A.2** | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување |
| **IV-A.5** | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| **IV-A.8** | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| **IV-A.12** | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| **V-A.4** | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| **V-A.6** | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| **V-A.7** | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| **V-A.9** | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| **V-A.10** | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| **V-A.11** | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| **V-A.15** | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| **V-A.17** | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |

| | |
|---|---|
| **V-А.19** | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| **V-А.21** | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| **VII-А.4** | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| **VII-А.5** | да иницира едноставни проекти со културна, општествена или комерцијална вредност, да ја испланира нивната реализација, земајќи ги предвид потребните ресурси и можните ризици и да напише извештај за реализацијата; |
| **VII-А.6** | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| **VII-А.7** | да определи цена на продуктите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките; |
| **VII-А.9** | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **IV-Б.1** | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| **IV-Б.6** | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| **V-Б.3** | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| **V-Б.6** | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| **V-Б.7** | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |

| | |
|---|---|
| **V-Б.8** | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| **V-Б.9** | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| **V-Б.10** | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |
| **VII-Б.4** | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| **VII-Б.5** | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. За хартијата**

***Знаења/вештини:***

- Прави разлика меѓу различните видови хартија
- Може да ја препознае хартија произведена на различни начини
- Ги знае различните видови хартија според нивната употреба
- Разликува  различни видови хартија според квалитетот
- Ги утврдува особините-квалитетот на различен вид хартија

| ***Ставови/вредности:*** | |
|---|---|
| • Го осудува нерационалното користење на хартијата<br>• Презема активности за продолжување на векот на хартијата-рециклирање | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • Потеклото на хартијата (материја, целулоза, дрва, памук, Кина)<br><br>• **број на часови: 2** | • Учениците се делат во мали групи или парови и според насоки од наставникот, преку различни извори (енциклопедии, интернет извосри и сл.) истражуваат за потеклото на хартијата. Добиените податоци ги запишуваат на картички. Избрани ученици читаат од картичките и се поведува дискусија.<br><br>• Учениците изработуваат постер од добиените податоци од истражувањето. Донесуваат заклучоци и ги подредуваат. |
| • Особини на хартијата<br><br>(боја,еластичност, пропустливост, пепел, влага, мазност, кинење) | • Учениците имаат за задача да соберат различни видови хартија. Учениците ги разгледуваат, споредуваат, анализираат и групираат различните видови хартија.<br>• Учениците изработуваат збирка од видовите хартија.<br><br>• Учениците се делат во мали групи или парови. Пред секоја група се ставаат различни видови хартија, сад со вода, ножички и сл. Учениците истражуваат за |

| | |
|---|---|
| **број на часови**: 2 | особините на различните видови хартија. По еден ученик од секоја група ги запишува резултатите. Потоа се читаат резултатуте, се поведува дискусија и извлекуваат заклучоци. |
| • Производство на хартијата<br><br>(мелена, дрвена маса, каша, цилиндрични ваљаци, воден жиг, рециклирање)<br><br>**број на часови: 2** | • Учениците следат презентација за производството на хартија.Разгледуваат, споредуваат и анализираат различни начини на производство на хартија<br><br>• Учениците следат видеа за рециклирање на хартија. Учениците дискутираат за можностите за реупотреба на хартијата, производите од рециклирана хартија. |

| **Тема 2. Изработка на оригами фигури** |
|---|
| ***Знаења/вештини:*** |

- Умее да направи едноставни и посложени фигури со превиткување хартија.
- Ги знае карактеристиките на оригами како уметност на правење фигури од хартија.

| **Ставови/вредности:** | |
|---|---|
| • Го цени трудот вложен во рачните изработки.<br>• Ја прифаќа важноста на вложениот труд како знак на љубов/ почит. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • Вовед во оригами<br><br>(вештина, диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 1** | Учениците следат презентација за карактеристиките на оригами како уметност на креирање дводимензионални и тридемнзионални фигури од хартија. Исто така, наставникот, накусо ги запознава со историјата на оригами.<br><br>Учениците ги вежбаат базичните превиткувања, карактеристични за оригами<br><br>(https://www.youtube.com/watch?v=HZTze-xUgwA<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=7FMSZaUHIR0) |
| • Играчки<br>(вештина, диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 2** | • Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на бротчиња по различни модели и ја проверува нивната функционалност<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=OneYlWOpVzE<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=zUM0_NqphW0 |

| | |
|---|---|
| | https://www.youtube.com/watch?v=0EhAYB8_uJ0<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на авиончиња од хартија по различни модели ја проверува нивната функционалност<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=75Qg6ldZNbA<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=a6V09L6OZwc<br><br>• Секој ученик самостојно изработува „претскажувач“ од хартија по модел<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=BxyXk1sr2io]<br><br>и го користи за забава, применувајќи го на другите ученици за време на часот. |
| Животни<br><br>(вештина, диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 5** | • Секој ученик самостојно изработува едноствни фигури на лица на животни по модели<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=4v2_JrRdd8I<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на водени животни по различни модели<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=6WsMtB3552I<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=ipsFC_GM9oc |

| | |
|---|---|
| | • Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на птици по различни модели<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=L6ciLmiEfg0<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=6khUbMo4lBY<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Jm7SZoCczfw<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на пепрутки и други инсекти по различни модели<br><br>https://goorigami.com/single-sheet-origami/origami-butterfly/3006<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=cZdO2e8K29o<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=_OI_isfuCKw<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиена фигура на жаба што скока по даден модели<br><br>https://origami.me/jumping-frog/<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Vlb2udqPx-M<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на други животни по различни модели<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=FhZsLghCTMo<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=EmmaiRFYiuE<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=PhfnJFMtKX4 |

| | |
|---|---|
| | https://www.youtube.com/watch?v=wWVppdfYOx8<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=6ywin7B7Vwg |
| Цвеќиња<br><br>(вештина, диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 1** | • Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на цвеќиња по различни модели<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=LWsL-_pgmTc<br><br>https://www.gathered.how/papercraft/origami-flower-wreath/<br><br>https://www.paperkawaii.com/mini-origami-succulent-plant-tutorial/ |
| Украси<br><br>(вештина,диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 2** | • Секој ученик самостојно изработува срца и ѕвезди по различни модели<br><br>https://radianthomestudio.com/how-to-make-happy-origami-hearts/<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=7Upl8-YPQKI<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=3SJHIRhF8hQ<br><br>• Секој ученик самостојно изработува прстени по даден модел<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=8QzUN-OfFJ8<br><br>• Секој ученик самостојно изработува хартиени садови по даден модел<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=NUi1Qhn5ZK0 |
| Изложба<br><br>(вештина, диплење, превиткување)<br><br>**број на часови: 1** | • Учениците, со помош на наставникот, организираат продажна изложба на оригами фигурите изработени за време на часовите |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **Тема 3. Изработка на фигури од хартија со сечење и лепење** |
| --- |
| ***Знаења/вештини:*** |
| • Ја разбира разликата меѓу правење оригами и други видови фигури од хартија.<br>• Умее да направи едноставни и посложени фигури од хартија со превиткување, сечење и лепење, по модел и по сопствена идеја. |

<table>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности:</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Го цени трудот вложен во рачните изработки.<br>• Ја прифаќа важноста на вложениот труд како знак на љубов/почит.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими) и број на часови</td><td>Примери на активности:</td></tr>
<tr><td>Цветови<br><br>(фигура, сечење, лепење, составување)<br>број на часови: 3</td><td>• Секој ученик самостојно изработува хартиени фигури на цвеќиња по различни модели и посопствена идеја, кои потоа, во мали групи се обединуваат во заедничка композиција<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=4Rtxq7Vv8Qg<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=xTBKlX9tWFI<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=5qznS_-4eC8<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=d9mTJ7jCJk4&list=RDCMUCErX4CQeesrYOs03fufBiHQ&index=2<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=swQEbnO2v9s&list=RDCMUCErX4CQeesrYOs03fufBiHQ&index=3</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Украси<br><br>(украс,сечење,лепење, составување,композиција )<br><br>**број на часови: 4** | • Секој ученик самостојно изработува висечки украси по различни модели, кои потоа, во мали групи се обединуваат во заедничка композиција<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=LsBgthq3sPc<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=SC1cJic4CwY<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Ts6K3E0Aax8<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Pkgtw3V6riY |
| Животни<br><br>(фигура, сечење, лепење, составување)<br><br>**број на часови: 3** | • Секој ученик самостојно изработува различни животни по дадени модели и по сопствена идеја<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=agtapjaTENQ<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=UmZgsnY8fMQ<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=NB6NW868CqU<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=hMpD3LOk0OM<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=hbFGFNMQCEA |
| Честитки<br><br>(честитка, сечење, лепење, составување, подарок)<br><br>**број на часови: 2** | • Секој ученик самостојно изработува честитки по дадени модели и по сопствена идеја. Една од честитките ја наменува на замислено другарче и замислен повод и пишува соодветен текст за честитање.<br><br>• https://www.youtube.com/watch?v=XPpardXYQvY<br>https://www.youtube.com/watch?v=Aa5pN_3h7ag<br>https://www.youtube.com/watch?v=obD4-Tb5fEk<br>https://www.youtube.com/watch?v=F9ZyEC6nxgQ |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **Тема 4. Тематски проект со изработени фигури од хартија** |
|---|
| ***Знаења/вештини:*** |
| • Придонесува во групна изработка на композиција составена од фигури од хартија. |

| ***Ставови/вредности:*** | |
|---|---|
| • Го цени трудот вложен во рачните изработки. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| Заеднички продукт<br>(тема, проект, заеднички продукт, дизајнирање, презентирање)<br><br>**број на часови: 3** | Учениците, поделени во мали групи, со помош на наставникот избираат тема што ќе ја презентираат преку фигури од хартија што самите ќе ги изработата (на пр, животинска фарма, зоолошка градина, цвеќарница). Секоја група планира како ќе го реализира проектот – прво го осмислува (ја дизајнира поставката), а потоа за секој од групата се определува како ќе придонесе во реализацијата. Секој ученик во групата ги прави договореите хартиени фигури и целата група заедно ги поставува во финалниот модел. |
| Изложба<br><br>(изложба,организација, реализација)<br><br>**број на часови: 3** | Учениците, со помош на наставникот, организират и реализираат изложба на изработените продукти од проектот. Сите групи заедно го договараат просторот за изложба и ги поставуваат продуктите. Договараат и кого ќе поканата (пр. родители, наставници, другари), дизајнираат и изработуваат покани, ги дистрибуираат поканите и ја реализират изложбата. |